**Барање 23-6174/1**

Информации поврзани со соопштението (објавено на 20.09.2022 година) за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по УП за село Раец, КО РАЕЦ, Општина Кавадарци.Прашање во однос на спроведување на постапки за учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво.

**Одговор 23-6174/2**

Општина Кавадарци во моментов спроведува ПОВТОРНА Јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички проект за село Раец. Покана за присуство со арх.бр.11-140/9 од 16.09.2022 година има доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање (прилог) за Повторна Јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички проект за село Раец во овој дел од постапката. Општина Кавадарци оваа постапка ја има отпочнато во 2016 година со внесување во Програма за изработка на урбанистички планови за 2016 година и за истата има спроведено постапка за стратегиска оцена на животна средина(прилози).

Бидејќи постапката се одвива од 2016 година и ова е повторна Јавна анкета и Јавна презентација, а заради простор на веб страната на Општина Кавадарци истата е отстранета, а истата може да биде повторно објавена.

Прилози

- Покана за одржување Повторна Јавна презентација и Јавна анкета
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена , донесена од страна на општината.
- Известување од Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ, по поднесено барање за мислење од страна на Општина Кавадарци.
- Формулар-основни податоци за планскиот документ